Funded by the European Union

SlovakAid GOOD IDEA SLOVAKIA

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

SFPA Slovak Foreign Policy Association

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# „АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ПОТРОШЕНИ ЈАВНИ СРЕДСТВА: ШТО МОЖЕМЕ ДА НАУЧИМЕ ОД ИСКУСТВАТА НА ЕУ?“




2

БИЛТЕН

## ШЕСТА СЕСИЈА НА РАБОТНАТА ГРУПА 6

## „АНТИКОРУПЦИЈА“

## - ПОГЛАВЈЕ 5/18/32 -

Шестата сесија на Работната група 6 – Антикорупција, одржана на 17 јули 2025 година во Скопје, ги обедини релевантните национални и европски експерти во фокусиран дијалог за приоритетните антикорупциски предизвици. Дискусијата ја истакна потребата од системски реформи во јавната администрација, при што транспарентноста, дигитализацијата, отчетноста и департизацијата беа посочени како клучни предуслови за намалување на корупцијата и напредување во евроинтегративниот процес.



Посебебно внимание привлече словачкиот модел за следење, евалуација и планирање на јавната потрошувачка во здравството, кој го спроведува Одделението за „Value for Money“ при Министерството за финансии на Словачка. Моделот се заснова на систематска проценка на реалната корист за граѓаните од јавните инвестиции. Заклучокот од сесијата беше дека преку доследна примена на принципот „value for money“ земјата може да обезбеди одржливи јавни финансии, поефикасни институции и конкретни придобивки за граѓаните.

Професорката **Милева Ѓуровска** - национален координатор на НКЕУ-МК, ја отвори сесијата истакнувајќи ја важноста на Националната конвенција за Европската Унија како платформа за отворен дијалог и соработка меѓу институциите, граѓанското општество, академијата, бизнис-секторот и други засегнати страни. Според неа, темите поврзани со јавните набавки (Поглавје 5), статистика (Поглавје 18) и финансиска контрола (Поглавје 32) се многу значајни поглавја од кластерот „Темели“. Преку нив се следи до кое ниво се имплеметирани приципите на влдеење на правото и до кое ниво се заштитен јавниот интерес. Во своето обраќање, Ѓуровска нагласи дека иако земјата бележи солидни резултати во усогласувањето на законодавството со европското право, сериозен предизвик останува слабата имплементација на реформите, што се должи на честите законски измени, ограничените институционални капацитети.

**Милева ЃУРОВСКА**

**Национален координатор на НКЕУ-МК; претседател на Европско движење Северна Македонија**



Таа ја истакна потребата од транспарентност, дигитализација, отчетност и мотивирани човечки ресурси како предуслови за намалување на корупцијата.

На крајот, Ѓуровска се заблагодари на сите чинители и потенцира дека Конвенцијата има двојна улога: не само професионално да придонесе за реформи, туку и да ја демократизира преговарачката рамка, градејќи консензус и доверба во евроинтеграцискиот процес.



**Горан МИНЧЕВ**

**Министер за јавна администрација**

Министерот за јавна администрација, **Горан Минчев**, во своето обраќање нагласи дека реформата на јавната администрација претставува еден од клучните приоритети за внатрешниот развој на државата и за напредокот во процесот на европска интеграција. Според новата методологија на преговори со ЕУ, јавната администрација за првпат е вклучена во првиот кластер – „Темели“ и претставува еден од столбовите врз кој се базира целиот процес, истакна Минчев.

Тој изрази подготвеност и појасно дефинирана политичка волја на Владата за реформите во овој домен преку континуирана имплементација на Стратегијата за реформи на јавната администрација 2023–2030. Министерството активно работи на процеси за професионализација, департизација и модернизација на администрацијата, при што веќе се усвоени неколку нови закони:

- Закон за административни службеници,
- Закон за вработување во јавниот сектор,
- Закон за стручно усовршување и обука,
- Закон за инспекција.

Овие реформи се темелат на принципите на стручност, заслуги и интегритет, гарантирајќи дека секој вработен ќе биде избран и унапреден врз основа на компетенции и постигнати резултати, а не според политички влијанија.

Посебен акцент е ставен на воведувањето на единствена електронска платформа, со цел преку дигитализација да се постигне поголема транспарентност во постапките при вработување. Системот ќе овозможи бодирање според објективни критериуми, со право на увид, приговор и јавна ревизија.

Според минстерот Минчев, постапките за селекција ќе бидат поедноставени и скратени, а дополнително ќе се воведат јавни интервјуа и обуки за комисиите за селекција, со што ќе се намали можноста за влијанија.

Унапредувањата и оценувањата ќе се засноваат на реален учинок, мерен преку јасно дефинирани индикатори за перформанси.

Минстерот истакна дека отчетноста е клучен предуслов за враќање на довербата кај граѓаните и најави нов пакет закони, односно Закон за висока раководна служба, за организација и работа на органите на државната управа и за систем на плати во јавниот сектор. Според него, реформата на јавната администрација е долго-рочен процес кој бара широка соработка со гра-ѓанскиот сектор, синдикатите, академијата и меѓународните партнери. „Нашата крајна цел е да изградиме компетентна, одговорна и услужна администрација која работи во интерес на граѓаните, а не обратно,“ препорача Минчев, додавајќи дека тоа е и најсигурниот и најбрз пат кон Европската Унија.

**Хенрик МАРКУШ**

**Амбасадор на Словачка Република во Република Северна Македонија**



Во рамките на сесијата, специјален гостин бе-ше амбасадорот на Република Словачка, **Хенрик Маркуш,** на кого му беше оддадено признание за неговата доследна и континуирана поддршка на европскиот интегративен процес на Република Северна Македонија, како и за неговиот суштин-ски придонес во развојот и унапредувањето на Националната конвенција за Европската Унија во земјата.

Во своето обраќање, Амбасадорот ја повтори неговата добро позната порака дека Република Северна Македонија мора со уште поголема истрајност и посветеност да продолжи по патот кон полноправно членство во Европската Унија, нагласувајќи дека овој процес е од суштинско значење за иднината на државата.




**Доделување на плакетата за благодарност**

„Словачка во изминатите години обезбеди значајна финансиска и експертска поддршка, за што изразуваме искрена благодарност и уверување дека ова партнерство ќе продолжи и во нареднимот период. Позитивната енергија, довербата и охрабрувањето што се пренесуваат преку Конвенцијата претставуваат важен капитал за Република Северна Македонија во процесот на европска интеграција" - истакна проф. д-р Милева Ѓуровска доделувајќи ја плактетата на благодарност.

Во личен тон, Амбасадорот сподели и свои впечатоци од животот во Македонија, вклучувајќи ја и својата страст за велосипедизам, која му овозможила да ја запознае земјата на поинаков и подлабок начин. Притоа истакна дека дипломатијата не е само формален процес, туку и градење лични врски и заемно разбирање меѓу народите.

Истовремено, тој изрази длабока благодарност и почит кон Националната конвенција за Европската Унија, оценувајќи ја како еден од најуспешните и најпрофесионално воспоставени модели на дијалог во земјата. Маркуш ја истакна Конвенцијата како витален форум за градење консензус околу реформските приоритети и како важен мост што ја поврзува Северна Македонија со европските институции и стандарди.

Амбасдорот се наврати на своето искуство со Конвенцијата од 2016 година, кога Словачка за првпат претседаваше со ЕУ, потсетувајќи дека тогаш започнала блиската соработка со македонските институции и граѓанскиот сектор. Тој нагласи дека моделот на Националната конвенција произлегол од словачкото искуство и се покажал како исклучително корисен инструмент за интеграција, создавајќи култура на транспарентен и инклузивен дијалог.

## Драган ТИЛЕВ

**Советник на министерот за Европски прашања и член на кабинетот**



**Драган Тилев**, советник во Министерството за европски интеграции, говореше за значењето на политичките, административните и финансиските капацитети како клучни параметри во процесот на европска интеграција. Тој нагласи дека реформата на јавната администрација претставува еден од најсложените, но истовремено и најдетерминантните сегменти, бидејќи директно влијае врз институционалната стабилност, економската функционалност и консолидирањето на демократските практики.

Според Тилев, политичките партии се носители на процесот на акумулација на човечки и институционален капитал, односно места каде се формираат идните носители на политики. Подготовката на кадри кои поседуваат длабоко разбирање за начинот на функционирање на институциите на Европската Унија, како и за механизмите на политичко усогласување и нормативна европеизација, е неопходен предуслов за успешно водење на преговарачкиот процес и за превземање на европските јавни политики.

Тилев предупреди дека во отсуство на соодветна подготовка и развиена политичка култура, постои сериозен ризик од институционални дисфункции и стратешки грешки, што би можело да генерира високи политички и економски трошоци во интегративниот процес. Исто така, изградбата на капацитети не смее да се сведе исклучиво на ресорот за европски прашања, туку мора да се разгледува како севкупен општествен процес кој ги опфаќа сите нивоа на јавната администрација и поширокото општество – од медиумите и законодавната власт, до институциите задолжени за спроведување на политиките.

Во однос на финансиските капацитети, повеќе од 90% од сите реформи и инвестиции се финансираат од националниот буџет, односно од јавните приходи што произлегуваат од граѓаните. Европските фондови, како што се ИПА инструментите и Планот за раст, можат да претставуваат значаен дополнителен извор на поддршка – со потенцијал од околу 250 милиони евра годишно – но нивната ефективна апсорпција е условена од постоење на зрели и одржливи инфраструктурни проекти.



**Адам МАРЕК**

**директор на Одделението за здравство и социјални расходи при Министерството за финансии на Република Словачка**

**Адам Марек**, директор на Одделението за здравство и социјални расходи при Министерството за финансии на Република Словачка, во своето излагање го претстави словачкото искуство со воспоставувањето на Единицата за проценка на „вредноста за парите“ и нејзината улога во унапредување на јавната потрошувачка преку систематски ревизии на трошоците.

Како што нагласи, ваквите ревизии имаат четири клучни придобивки:

1. Елиминација на нерационалното и неефикасно трошење,
2. Обезбедување поголема вредност за истото ниво на расходи,
3. Насочување на новите буџетски средства кон приоритетни области, и
4. Зголемување на транспарентноста и разбирливоста на буџетот пред јавноста.

Преку оваа методологија, буџетскиот процес станува поефикасен инструмент за креирање јавни политики, со јасна ориентација кон рационализација, отчетност и подобрување на довербата на граѓаните во институциите.

Некои од словачките практики беа претставени како модели кои покажуваат како неефикасното насочување на средства го поткопува јавниот интерес.

- Образование: Правилото за дополнително финансирање на малите училишта, наместо да помогне во руралните средини, било злоупотребено од приватни училишта во урбаните центри, што довело до нерационална распределба на буџетот.

- Здравство: Иако околу половина од буџетот се троши за плати, приоритет треба да се даде на медицинските сестри – поради нивниот недостиг и миграцијата – наместо на лекарите кои имаат посилна позиција и синдикална заштита.

- Ментално здравје: Останува сериозно потценето, иако инвестициите во оваа област би донеле значајни економски и општествени придобивки преку намалени трошоци и зголемена продуктивност.

Приоретизацијата на инфраструктурните проекти е од суштинско значење, бидејќи честите политички промени често доведуваат до застои и недовршени инвестиции. Поради тоа, неопходно е јасно дефинирање и јавно објавување на приоритетите, како и спроведување темелни анализи на исплатливоста пред носење на одлуки за нивно финансирање.

Единицата за „вредност за парите“, воспоставена во 2016 година со само тројца вработени, денес брои околу 40 експерти и истовремено работи на повеќе ревизии – од општи фискални анализи до секторски истражувања, како што се фармацевтските трошоци или функционирањето на државните болници. Клучот за нејзиниот успех, како што беше истакнато, лежи во континуираната политичка поддршка – особено од страна на министерот за финансии – и во долгорочната изградба на сопствени институционални капацитети, засилени со експертиза од меѓународни партнери.



## Драган ТЕВДОВСКИ

**Експерт на НКЕУ-МК;**
**Професор,**
**Економски факултет**
**УКИМ, Скопје**

Професорот **Драган Тевдовски** ја нагласи важноста од институционализација на анализите за „вредност за парите“ и воспоставување тела што ќе вршат систематски преглед на трошоците. Презентираното словачко искуство е извонреден пример како една држава може да креира аналитичка единица вградена во Министерството за финансии, која со тек на време растела од три на четириесет вработени и успеала да изгради значителни капацитети за оценка на јавните расходи. Тевдовски смета дека и во нашата земја постои сериозна потреба од сличен механизам кој ќе овозможи поголема отчетност и транспарентност во трошењето на јавните средства.

Суштински предизвик за државата е изградбата на квалитетни административни капацитети. Република Северна Македонија се соочува со сериозни тешкотии во привлекувањето и задржувањето на стручни и компетентни кадри во јавната администрација, додека општествената перцепција за административните служби останува претежно негативна. Сепак, државата може да постигне значајни резултати доколку постави јасни цели и обезбеди ефективни механизми за мотивација, како што се соодветни плати и континуирана обука, што е од клучно значење за успешното спроведување на реформскиот процес и напредокот во ЕУ интеграцијата.

Анализите за „вредност за парите“ во инвестициските потфати мора да бидат органски поврзани со буџетскиот процес, бидејќи во спротивно постои ризик да ја изгубат својата цел и релевантност. Само така може да се обезбеди нивна практична примена при донесување буџетски одлуки и дефинирање на приоритетни инвестиции.

Дополнително, тие треба да бидат јавно достапни и разбирливо претставени, со цел да се зајакнат транспарентноста и довербата во институциите во смисла дека државата има стратегија за ефективно трошење на јавните пари.

Во својот заклучок, Тевдовски нагласи дека Република Северна Македонија мора да се движи кон изградба на силни институции со сопствени аналитички капацитети, наместо да се потпира на надворешни актери со сопствени интереси. Тој ја подвлече и потребата политичките партии да создаваат квалитетен кадар кој ќе може компетентно да ги следи процесите поврзани со ЕУ, додека институциите треба да останат носители и гаранти на државниот интерес.

## Глигор БИШЕВ

**претседател на**
**Финансискиот совет на**
**Република Северна**
**Македонија**



**Глигор Бишев,** претседател на Финансискиот совет на Република Северна Македонија, се осврна на разликата меѓу формалните и суштинските реформи во контекст на европската интеграција. Тој посочи дека Македонија предолго се фокусирала на формалното исполнување на критериумите за членство во ЕУ, наместо на спроведување вистински промени кои би овозможиле структурна трансформација и повисок животен стандард. Според него, суштинските реформи се болни и на краток рок создаваат „добитници и губитници“, но долгорочно носат значајни општествени придобивки.

Во 1990-тите години, под влијание на Вашингтонскиот консензус, улогата на државата беше значително минимизирана, додека приватната иницијатива доби централна улога како генератор на економски раст. Сепак, глобалните кризи – финансиската (2008–2012) и ковид-кризата – покажаа дека без силна и ефикасна држава не може да се обезбедат квалитетна работна сила, иновации, современа инфраструктура и одржлив економски раст.

Притоа, беше потенцирано дека Европската Унија никогаш не се откажала од моделот на високи јавни расходи (40–50% од БДП), комбинирани со стабилни и ефикасни институции.

Актуелната состојба во Македонија е загрижувачка: јавните расходи изнесуваат околу 39–40% од БДП, при што над 70% се насочени кон социјални трансфери и плати, додека јавните приходи се движат меѓу 31–33% од БДП. Ваквата фискална структура создава ограничен простор за инвестиции во клучни сектори како инфраструктура, здравство, образование и иновации. Решението се наоѓа во зајакнување на институциите, забрзана дигитализација и намалување на сивата економија. Притоа, неопходно е да се унапреди ефикасноста на даночниот систем за да се обезбеди стабилна и одржлива фискална рамка.

Беше нагласено прашањето за „аутсорсинг“ на јавните услуги, односно пренесување на надлежности од државата кон приватниот сектор, што бара посебна елаборација. За да се обезбеди ефикасност во таквите услуги, неопходно е постоење на силни и функционални институции. Една од клучните дилеми околу која треба да се постигне општествен консензус е дали постојните институции ќе се реформираат и зајакнат, или, пак, државата ќе се потпре на приватни алтернативи.

Во таа насока, Финансискиот совет препорачува:

- Воведување задолжителни cost-benefit анализи за секоја јавна мерка со економски импликации;
- Воспоставување систем на наградување според заслуги (Merit-Based System) во јавниот сектор;
- Основање независни единици за управување со јавните средства и инвестиции; јавно објавување на податоците; и
- Усогласување на методологијата со европските стандарди.

**Билјана ИВАНОВСКА**

**Поранешна претседателка на Државна комисија за спречување на корупција (ДКСК)**



Поранешната претседателка на Државната комисија за спречување на корупција, **Билјана Ивановска**, ја истакна важноста на суштинските реформи и потребата институциите да изградат висока свест за јавниот интерес како темелен предуслов за економски и општествен напредок. Таа нагласи дека буџетот претставува „политика изразена во пари“ и дека концептот value for money треба да биде водечко начело при оценка на ефектите од јавните расходи. Притоа укажа дека јавните финансии се оптоварени со непотребни и непродуктивни трошоци, меѓу кои посебно се издвојува прекумерниот број советници во кабинетите, што претставува сериозен проблем кој ја демотивира постојната администрација и го попречува развивањето институционална меморија.

Постои јасна потреба од воведување на буџетирање засновано на резултати (Results-Based Budgeting, RBB), односно пристап во кој буџетските средства не се планираат и распределуваат само според влезните трошоци (плати, опрема, материјали), туку според тоа какви конкретни резултати треба да се постигнат. Целта е да се обезбеди отчетност пред Собранието и транспарентност во управувањето со јавните средства.

Клучните елементи на ваквиот пристап вклучуваат: дефинирање мерливи индикатори и цели; поврзување на буџетските трошоци со национални приоритети и политики; и редовно следење на остварените резултати за граѓаните (на пример: скратување на времето за чекање на преглед и операции во здравството, подобрување на квалитетот на водоснабдувањето и друго). На тој начин, акцентот се става на прашањето „што е постигнато со вложените пари“, а не само на „колку пари се потрошиле“.

Во таа насока беа потенцирани и препораките на Државниот завод за ревизија, кој редовно укажува на сериозни слабости во клучни сектори како водоснабдување, животна средина, здравство, енергетика и транспорт. Спроведените ревизии, изготвени во согласност со меѓународниот стандард ИСАЈ 3000, јасно покажуваат системски недостатоци кои мора да се надминат за да се воспостави функционална, ефикасна и отчетна јавна администрација.

Човечките ресурси се клучен фактор за институционалната успешност. Превработеноста во јавната администрација претставува парадокс, кој дополнително се усложнува со злоупотребата на привремени вработувања преку агенции. Таквите практики создаваат нелојална конкуренција, често прераснуваат во трајни работни места и отвораат простор за корупција.

Според Ивановска, транспарентноста во вработувањата и јасните критериуми за систематизација се клучни за намалување на злоупотребите. Главните предизвици се:

- Ревизија на законска рамка и оневозможувње непотизам,
- Воспоставување на јасен систем за селекција и евалуација на кадрите,
- Укинување на привремени вработувања преку агенции,
- Оптимизација на бројот на членовите на управните и надзорните одбори,
- Јасни критериуми за избор на раководители и транспарентност при именувањата.

Ивановска апелираше за професионален пристап и зајакнување на капацитетите во политичките партии со цел спречување на злоупотребата на дискреционите овластувања. Таа заклучи дека партиските поделби и културата на „моето и твоето“ го разнебитуваат институционалниот систем и претставуваат сериозна пречка за ефективна борба против корупцијата.

**Сања**
**МАЏАРЕВИЌ ШУЈСТЕР**

**виш економист за земјите од Западен Балкан и економист за Северна Македонија во Светска банка**



**Сања Маџаревиќ-Шујстер**, виш економист за Западен Балкан и економист за Северна Македонија во Светска банка, ја нагласи важноста од зголемување на ефикасноста на јавната потрошувачка и потребата земјата да започне систематски процес на ревизија на трошоците. Иако јавната потрошувачка достигнува околу 40% од БДП, клучно е да се мери нејзиниот квалитет и ефект, а не само обемот. Според неа, ревизијата на потрошувачката не треба да се сфати исклучиво како инструмент за кратење на расходите, туку како средство за реприоритизација, реалокација и насочување на јавните средства кон стратешки приоритети.

Република Северна Македонија веќе има први искуства со процеси на ревизија на потрошувачката, како што се прегледите на расходите во здравството и образованието, реализирани со поддршка на Светска банка и Европската комисија. Време е овие искуства да се институционализираат и да станат составен дел од редовното креирање политики. Ваквите ревизии можат значајно да придонесат за градење политички консензус и подобрување на буџетскиот процес, но тоа е можно само доколку постои силна политичка волја, интерсекторска координација и ангажман на сите релевантни институции.

Овој процес треба да биде интегриран во редовното буџетирање, со јасно дефинирана одговорност, транспарентност и систематско следење на имплементацијата на препораките. На тој начин, ревизиите не би останале изолирани иницијативи, туку би се претвориле во инструмент за долгорочна фискална одржливост и подобрување на квалитетот на јавните услуги.

Кризите предизвикани од пандемијата и војната во Украина, како и неопходноста од зелена и дигитална транзиција, создаваат дополнителен притисок врз јавните финансии. Поради тоа, ревизијата на јавната потрошувачка станува сè поважна алатка за одржување на фискалната стабилност и за обезбедување средства за нови стратешки приоритети.

Искуството на земјите од ЕУ и препораките на Советот на ЕУ укажуваат дека воспоставувањето на систем заснован на принципот value for money е предуслов за пристап до европските фондови. Овој систем подразбира јасно мерење на ефектите од јавните расходи и насочување на буџетските средства кон програми и проекти кои обезедуваат најголема додадена вредност. Преку вакви механизми се гарантира дека европските средства се користат ефикасно, транспарентно и во согласност со европските стандарди за отчетност.

Во оваа насока, Европската Унија обезбедува и техничка поддршка преку инструментот - TSI - (Technical Support Instrument). Овој инструмент им помага на земјите да спроведуваат структурни реформи преку експертска и институционална поддршка, размена на добри практики и пристап до европски експертизи. Во рамки на TSI веќе се поддржуваат Република Северна Македонија и Косово со проекти насочени кон подобрување на управувањето со јавните финансии и зголемување на корисноста на буџетските расходи.

Заклучокот од излагањето на Сања Маџаревиќ-Шујстер беше дека ревизијата на јавната потрошувачка е неопходна за да се зголеми транспарентноста, да се подобри ефикасноста и да се изградат институционални капацитети – предуслови што се клучни за успешни реформи и за приближување на Република Северна Македонија кон Европската Унија.

**Антони ПЕШЕВ**

**претставник на Бизнис секторот**



**Антони Пешев**, претставник на бизнис секторот, во своето излагање нагласи дека Република Северна Македонија мора да се соочи со реалноста, а не само со теоретските очекувања.

Според него, доколку земјата утре стане членка на Европската Унија, таа би била целосно неподготвена, бидејќи со децении економијата се развива без јасна визија и стратегија. Бизнис секторот бил оставен да се развива стихијно, што довело до формирање на доминантни и неконтролирани сектори, додека значителен дел од економијата останал на маргините и во висока зависност од државниот буџет.

Тој потсети дека во раните 1990-ти Северна Македонија имала градежни компании активни на глобално ниво, додека денес државата нема капацитети ниту за реализација на сопствени инфраструктурни проекти. Осврнувајќи се на јавниот долг, Пешев нагласи дека неговото зголемување може да биде оправдано само доколку резултира со нова вредност за државата. Во пракса, сепак, голем дел од средствата завршуваат кај странски компании преку тендери и проекти во кои домашните фирми се систематски исклучувани – појава што тој ја опиша како „нова, елегантна форма на корупција“: формално транспарентна, но суштински деструктивна за националната економија.

Во однос на вештачката интелигенција, Пешев укажа на повеќе аспекти – позитивни и негативни. Еден од загрижувачките ефекти е масовната загуба на работни места кај ИТ кадарот на глобално ниво. Северна Македонија е дополнително ранлива бидејќи нема развиени капацитети за соочување со ваквите предизвици, а паралелно се соочува и со драматично намалување на населението и работната сила.

Парадоксално е што државата станува сè повеќе увозно зависна дури и за основни земјоделски производи, што ја прави економијата особено кревка и ранлива на надворешни шокови. Оваа зависност не се одразува само врз трговскиот биланс, туку директно влијае и врз ценовната стабилност и безбедноста на снабдувањето со храна. Илустративен пример е фактот дека Македонија денес увезува раноградинарски производи од Египет – појава која открива длабоки структурни слабости во аграрниот сектор: недоволна продуктивност, неефикасна организација на производството, слабости во системот на субвенции и ограничен пристап до современи технологии и наводнување.

Без темелни реформи и градење сопствени производствени капацитети, земјата ризикува да стане членка на Европската Унија како „сиромашна и неподготвена“, со што би се довела во долгорочна зависност и изложеност на надворешни влијанија, наместо да ја зајакне својата конкурентност.

Пешев апелираше реформите да се спроведат одговорно и суштински, со јасна стратегија и политичка волја, за државата да може да обезбеди стабилно функционирање и одржлив развој – независно од тоа дали се наоѓа во рамките на Европската Унија или надвор од неа.







**Виктор МИТЕВСКИ**

**Координатор на РГ-6, Извршен директор, ЗМАИ**

ДИСКУСИЈА:

Виктор Митевски, координатор на Работната група „Антикорупција“ ја модерираше завршната дискусија насочувајќи ја кон клучните прашања за тоа како да се изградат одржливи административни и финансиски капацитети што ќе ја намалат корупцијата и ќе ја зголемат ефикасноста на институциите.

Главен дел од дискусијата беше посветен на здравството, каде што се нагласи дека сегашниот систем е неодржлив без реформи, поради недоволно финансирање и иселување на здравствен кадар. Слични проблеми беа истакнати и кај пензискиот систем, каде што се намалува стабилноста на првиот столб бидејќи голем број граѓани се осигуруваат на минимални износи.

Учесниците зборуваа и за искористувањето на европските фондови, укажувајќи дека иако државата има значителни можности, ограничените административни капацитети и слабата кадровска политика го намалуваат ефектот. Притоа, беше нагласено дека успешни примери од регионот покажуваат дека најдобри резултати се постигнуваат кога реформите се дизајнираат дома, а не се прифаќаат туѓи модели без адаптација.

Во земјоделството се потенцираше дека политиката на субвенционирање е неправедна – најголемиот дел од средствата завршуваат кај мал број сопственици на земјиште, додека вистинските производители добиваат недоволно поддршка.

Слично, во делот на отчетноста и контролата, беше укажано дека ревизорските наоди во Македонија ретко имаат конкретни последици, за разлика од праксата во други земји каде тие директно водат до санкции.

Заклучокот на дискусијата беше дека реформите мора да се градат врз принципи на транспарентност, отчетност и владеење на правото. Дополнително, учесниците нагласија дека најголемите инвестиции треба да се насочат кон образованието, за да се создадат генерации кои ќе ја градат иднината со знаење, компетентност и интегритет.

## Заклучоци

1. Задолжителни cost-benefit анализи

**Секоја јавна мерка и инвестиција со економски импликации мора да биде предмет на темелна проценка според нејзините ефекти и општествена корист.**

2. Буџетирање по резултати

**Јавните расходи треба да се поврзат со јасно дефинирани индикатори и мерливи цели, со што ќе се обезбеди видливост на конкретните придобивки за граѓаните.**

3. Јавна транспарентност

**Резултатите и ефектите од јавните расходи треба да бидат јавно објавувани и разбирливо презентирани, со цел да се зајакне довербата на јавноста во институциите.**

4. Мерит-систем во јавната администрација

**Вработувањето и напредувањето мора да се базираат на заслуги и јасни критериуми, што ќе овозможи зголемена ефикасност и професионализација на институциите.**

5. Институционализација на ревизијата на потрошувачката

**Ревизиите треба да станат составен дел од редовниот буџетски процес, со систематско следење на имплементацијата на дадените препораки.**

6. Усогласување со европските стандарди

**Методологијата и процесите на управување со јавните финансии мора да се усогласат со европските стандарди, како предуслов за пристап до европските фондови и поефикасно користење на меѓународната поддршка.**

7. Потреба од суштински реформи

**РС Македонија премногу долго се фокусирала на формално исполнување на критериумите за ЕУ, наместо на суштински промени кои би донеле структурна трансформација, поефикасни институции и подобар животен стандард.**

8. Јавни приходи и расходи

**Структурата на расходите со висок удел на социјални трансфери и плати остава ограничен простор за инвестиции во инфраструктура, здравство и образование. Потребно е зајакнување на институциите и зголемување на ефикасноста на даночниот систем.**

9. Јавна администрација и човечки ресурси

**Превработеноста, злоупотребата на привремени вработувања и непотизмот ја намалуваат ефикасноста на администрацијата која треба да се фокусира на реформите.**

10. Економска структура и бизнис-сектор

**Домашниот бизнис е оставен да се развива без стратегија и често е исклучен од јавни набавки, што создава ризик од „елегантни“ форми на корупција.**

11. Демографски и технолошки предизвици

**Намалувањето на населението и примената на вештачката интелигенција носат нови предизвици за целокупниот реформски процес вклучувајќи го здравството, образованието, бизнисите и пазарот и други области.**